# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИКОЛОГИЈА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-127/5 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *музикологија* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Димитрије Бужаровски**, редовен професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област теорија на музиката и композиција – **претседател**;
– **д-р Аида Ислам**, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област теорија на музиката и музичка педагогија – **член**;
– **д-р Милица Шкариќ**, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област пијано и методика на настава по пијано – **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријавила кандидатката д-р Стефанија Лешкова–Зеленковска, вонреден професор по музикологија (вработена како вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска** е родена на 25 февруари 1964 год. во Скопје. Завршува седумгодишно музичко училиште – пијано и средното образование го продолжува во гимназијата „Јосип Броз-Тито” во Скопје. Во 1982/1983 год. се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Одделот по музикологија во класата на проф. д-р Тома Прошев. Дипломира во април 1987 год. и се стекнува со звање дипломиран музиколог. Истата година се запишува на постдипломски студии кај проф. д-р Тома Прошев и проф. д-р Сотир Голабовски. На магистерските студии по музикологија работи на истражувањето на една поширока област за музичкиот инструментариум на фреско-сликарството на црквите од средновековна Македонија во околината на Скопје и го објавува трудот „Музичкиот инструментариум во црквата Св. Ѓорги од Старо Нагоричане“. Во 1987/1988 година е дел и од истражувачкиот проект кој ја испитува „Инциденцијата и преваленција на музичките жанрови кај средношколската младина во Р.Македонија” под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Во 1996 година кандидатката повторно се запишува на постдипломски студии на Факултетот за музичка ументост на Одделот за менаџмент во култура и уметност, што го води проф. д-р Димитрије Бужаровски, на којшто предаваат професори од Универзитетот Темпи - Аризона во САД. Магистрира во 2002 година со трудот „Економските фактори во продукцијата на македонското музичко творештво, а веќе наредната година на Факултетот за музичка уметност е прифатена експликацијата за изработка на докторска дисертација на тема „Културните, социјалните и економските детерминанти на јавните музички изведби во градот Скопје во 2004 година“. На 28 мај 2006 год. под менторство на проф.

д-р Димитрије Бужаровски јавно ја одбранува докторска дисертација на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со право на стручен назив – доктор на музички науки.

Од 1987 до 2003 година Стефанија Лешкова работи како музички новинар и рецензент на музичката програма на Македонското Радио - Радио Скопје. На програмата на Радио Скопје таа има реализирано огромен број музички критики, рецензии, авторски и водителски емисии, бројни интервјуа со музички уметници и културни дејци, од земјава и од странство, како и преноси од значајни музички концерти и манифестации. Од 1989 година кандидатката е член на Сојузот на композиторите на Македонија, СОКОМ.

Во периодот од 1996 до 1998 година работи како демонстратор по предметот Музички форми на ФМУ - Скопје. Од 2002 до 2007 година е соработник на Институтот за истражување и архивирање на музика ИРАМ при ФМУ-Скопје што го води проф. д-р Димитрије Бужаровски. Всушност, во тој период кандидатката активно учествува на меѓународни конференции во Скопје, Лондон и Цирих, во организација на ИРАМ, со трудови од областа на музикологијата меѓу кои: „Македонски диригенти од класата на проф. Фимчо Муратовски”, „Продукција на новите дела на македонските композитори создадени во периодот од осамостојувањето”, „Културните, социјалните и економските детерминанти во јавниот музички живот во Скопје“, „Пијано придружба во Р. Македонија во периодот од 1970 до 2000 година - скица на пет портрети“ и др.

Од 2007 година кандидатката е вработена на Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за музичка уметност во Штип како доцент, а од 2011 година е избрана во вонреден професор на Факултетот за музичка уметност.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност***

– Вонреден професор од научната област во која се избира со степен доктор на музички науки (избор во звањето вонреден професор на 16.6.2011 г. со Одлука бр. 1902-71/4 од Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип).
– Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во реномирани списанија (во земјава/во странство).
– Има издаден универзитетски учебник по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавен во е-библиотека.
– Учество во научноистражувачки проекти.
– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
– Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.
– Позитивна оцена од самоевалуацијата.

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Leshkova-Zelenkovska S. Islam, A. (2012) | Influence of social determinants in preference of public audience at music performances in the Republic of Macedonia. | ***Sociology study***, 2 (1). pp. 33-42. ISSN 2159 -5526,David Publishing http://eprints.ugd.edu.mk/2081/, | 2001 |
| 2. | Islam, A. Leshkova-Zelenkovska S. (2012) | The Islamic Mystical Spiritual Music Tradition in the Era of New Musical Tendencies. | ***Asian Social Science***, 8 (6). pp.170-175. ISSN 1911-2017 http://eprints.ugd.edu.mk/2077/ | 2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Leshkova-Zelenkovska S. Islam, A. (2013) | The impact of music education on the preference of musical genres in the Republic of Macedonia. | ***Journal of Teaching and Education,*** 2 (4). pp. 135-141. ISSN 2156-6266 http://eprints.ugd.edu.mk/8631/ | 2012 |
| 4. | Islam, A. Leshkova-Zelenkovska S.(2014) | Between Social Transformation and Continuity: Bektashi Sufi Music Tradition in the RM | ***Review of European Studies***, 6 (2). pp. 63-80. ISSN 1918 http://eprints.ugd.edu.mk/10018/ | 2009 |
| 5. | Leshkova-Zelenkovska S. Islam, A. (2014) | The Music Education Subject in Modern Educational Trends in the Republic of Macedonia | ***Journal of Teaching and Education****, 3 (1). pp. 555-560. ISSN 2165-6266* http://eprints.ugd.edu.mk/10038/ | 2012 |
| 6. | Leshkova-Zelenkovska Stefanija (2015) | Stvaralaštvo makedonskih kompozitora u periodu od 1991 do 2001 godine | ***Zbornik CANU*** (Crnogorska akademija nauke i umetnosti) 42. pp. 47-55. ISSN 978-86-7215-359-0 http://eprints.ugd.edu.mk/13973/ | 1976 |
| 7. | Leshkova-Zelenkovska S. Islam, A.(2015) | The Significant Role of Music in the Educational System through the Various Scientific Disciplines | ***International Journal of Sciences: Basic and Applied Research***, 22 (1). pp. 354-359. ISSN 2307-4531 http://eprints.ugd.edu.mk/13160/ | 2009 |
| 8. | Islam, A. Leshkova - Zelenkovska .S (2015) | Music as a Vital Factor for the Continuity of the Cultural Identity | ***Review of European Studies***, 7 (12). pp. 90-97. ISSN 1918-7173 (Print) 1918-7181 http://eprints.ugd.edu.mk/14068/ | 2009 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во звањето доцент првпат е избрана на 4.6.2007 г. со Одлука бр.866 од Матичната комисија. Изборот во звање вонреден професор е на 16.6.2011 г. со Одлука бр.1902-71/4 од Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип за наставно-научна област музикологија.

Кандидатката активно учествува во реализацијата на наставата на прв и втор циклус студии на Факултетот за музичка уметност.

Како доцент и како вонреден професор изведува предавања по неколку дисциплини: музикологија, историја на музиката, познавање музички инструменти, естетика на музиката. Едукацијата на студентите ја надополнува со индивидуална менторска и практична работа. Кандидатката во периодот помеѓу двата избора е раководител на проектот *Музички инспирации*, кој заедно со студентите се емитува на Универзитетско радио „УГД-ФМ" како циклус на авторски емисии посветени на разни теми од обласга на уметничката музика.

Кандидатката учествува во три научноистражувачки проекти поддржани од Министерството за култура на РМ, а како автор или коавтор се појавува на повеќе научни, стручни и стручно-уметнички трудови, монографии и рецензиран универзитетски учебник.

***Учество во проекти од национален интерес***

Проекти од Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата, поддржани од Министерството за култура на Р. Македонија.

- Традиционална инструментална музика во Р.Македонија и изработката на музичките инструменти, бр.11-4037/1.2011 г.
- *Музичката традиција во с. Коџацик родното место на предците на Ататурк* бр. 11-4904/1 од 20.3.2012 г.
- Влијанието на модерните тенденции врз музичкото наследство во руралните области на Република Македонија – Комисија за меѓународна соработка и УНЕСКО 2014.

***Објавени научни и стручни трудови помеѓу двата избора***

Како што може да се види од приложената документација, кандидатката како вонреден професор континуирано работи на своето научно и стручно усовршување преку објавување повеќе трудови во меѓународни научни списанија (Scopus, EBSCO, David publishing, Ulrich's), како и во стручни списанија и има учествувано на повеќе научни собири, симпозиуми, конгреси кои се одржувале во земјава и во странство.

***Трудови објавени во меѓународни списанија во изборниот период***

(1).Leshkova, Zelenkovska Stefanija (2015) „Baza za stvaralaštvo makedonskih kompozitora u periodu od 1991 do 2001 godine".**Zbornik Crnogorske Akademije Nauke I Umetnosti- CANU** Vol. 42. pp. 47-55. ISSN 978-86-7215-359-0 (репозиториум )

Овој труд претставува истражување кое ја опфати продукцијата на музичкото творештво на македонските современи композитори. Имајќи го предвид бројот на делата, во овој случај имавме конечна и мала популација, за чијашто обработка е употребена дескриптивна статистика (без формирање примерок). Базата е поделена во неколку категории според информациите за композиторот и неговиот творечки опус, како наслов на делото, година на создавање, времетраење, изведувачки состав, формална структура на делото, дали е пишувано по нарачка, дали е изведено, снимено и печатено. Оттука комплетната структура на основната база опфати вкупно 10 категории со цел да се добие јасна претстава за продукцијата на македонското музичко творештво во период од 1991 до 2001 година. Податоците се собирани, главно, од личните контакти со композиторите, а за некои дела се користени податоци од постојната музиколошка литература, архивите на СОКОМ, програми од фестивалот ДММ, дипломски и магистерски трудови на ФМУ/Скопје.

(2) Leshkova- Zelenkovska St. and Islam, A. (2015) „The Significant Role of Music in the Educational System through the Various Scientific Disciplines".**International Journal of Sciences: Basic and Applied Research** (IJSBAR), 22 (1). pp. 354-359. ISSN2307-4531(http://eprints.ugd.edu.mk/13160/ ProQuest,EBSCO,Google Scholar)

Во овој труд се претставени дел од последните научни пристапи кои навлегуваат подлабоко во проучувањето за значењето на музиката и позитивното влијание на музичките активности врз човекот. Некои се фокусираат на областите од човековиот мозок кои се активираат при перцепцијата и процесирањето на музиката, како и нервните и когнитивните процеси на музичката обработка. Еден дел од научните области се одвојуваат како посебни научни дисциплини – когнитивна музикологија, психоакустика, биомузикологија. Генерално нивните сознанија се дека музиката претставува идеален домен за проучување на физиологијата на поврзаноста на деловите на мозокот кои се активираат при музичката перцепција. Нервните механизми активирани од музиката, играат важна улога во човековата интелигенција, поради што овие истражувања на музиката и неврологијата може да водат до нови медицински, рехабилитациони и палијативни програми. Повеќето поаѓаат од фактот дека особено класичната музика има голема моќ во подобрување на функцијата на мозокот, подобрување на учењето - читање и писменост, просторно-временско расудување, математички способности и емоционална интелигенција. Тенденциите на научно ниво се да ги докажат придобивките на музиката и нејзиното задолжително присуство во едукативниот систем.

(3) Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska S. (2015) „Music as a Vital Factor for the Continuity of the Cultural Identity". **Review of European Studies**, 7 (12). pp. 90-97. ISSN

1918-7173 (Print) 1918-7181 (Online) (http://eprints.ugd.edu.mk/14068/ ProQuest, EBSCO, Google Scholar, Universe Digital Library)

(4)Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska, St. (2014) „Global cultural processes in the continuity and the prospective of the musical tradition“. **Journal of Social Sciences** (COES&RJ-JSS), 3 (2). pp. 271-276. ISSN 2305-9494 ()

(5) Leshkova- Zelenkovska, St**.** and Islam, A.(2014) „The Music Education Subject in Modern Educational Trends in the Republic of Macedonia*“*. **Journal of Teaching and Education**, *3 (1). pp. 555-560. ISSN 2165-6266* (http://eprints.ugd.edu.mk/10038/)

Една од основните идеи во современиот образовен систем во Р. Македонија е зголемување на квалитетот на едукацијата и преку концептот училиште „по мерка на детето". Низ зајакнување на училишните капацитети со перманентна обука и супервизиска поддршка, проектните активности се насочени кон развивање на неколку димензии меѓу кои и инклузивноста. Покрај инклузивноста, децата со комплексни потреби имаат можност да се школуваат и во посебни специјализирани училишта. Поаѓајќи од фактот дека музиката придонесува за развојот на децата, особено на оние со посебни потреби и за подобри резултати во останатите области од наставните содржини, во овој текст нас нè интересираше колку и на кој начин се користат придобивките од музичкото образование. Со таа цел, нашиот *case study* беа образовните институции за деца со посебни потреби во главниот град и наставниот план и програма за предметот музичко образование. Анализата покажа дека постои голем простор и неопходност за користење на музиката како најфлексибилно и функционално средство во едукативниот процес на оваа популација.

(6) Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska, St**.** (2014) „Between Social Transformation and Continuity: Bektashi Sufi Music Tradition in the Republic of Macedonia“. **Review of European Studies,** 6 (2). pp. 63-80. ISSN 1918-7173 (Scopus,ProQuest, EBSCO, Google Scholar, Universe Digital Library)

Во овој текст е претставено *бекташтвото* како духовен правец во *суфизмот* кој отсекогаш побудува внимание за општествените однесувања кои произлегуваат од неговата доктрина и идеологија. Во Р. Македонија дервишкиот ред *бекташи* влече корени од 13 век пред доаѓањето на Османлиите преку активноста на дервишите кои патувале и се населувале на оваа територија. Едно од најзначајните и највлијателни текиња е Арабати Баба во Тетово, изградено во 16 век, кое во текот на историјата поминува низ турбулентните социјални премрежја, но сепак останува синоним за бекташтвото во Р. Македонија. Оттука произлезе идејата во овој текст да ги претставиме социјалните трансформации настанати поради промената на етничката структура на следбениците и општествено-политичката условеност на Земјата. Оваа состојба ние ја аспектираме преку музичката традиција, бидејќи таа е значаен дел од обредот и служи како фундаментално средство во експресијата на мистичната теософија. Целта ја оствaривме преку теренски истражувања со интервјуа и анализа на аудио и печатени музички материјали кои денес се користат и сведочат за промената на звучната слика на музичката традиција на бекташите во Арабати Баба теќе во Тетово.

(7) Leshkova- Zelenkovska, St and Islam, A. (2013) „The impact of music education on the preference of musical genres in the Republic of Macedonia“. **Journal of Teaching and Education**, 2 (4). pp. 135-141. ISSN 2156-6266 ()

(8) Leshkova- Zelenkovska, St and Islam, A (2012) „Impact of economic determinants on the production of new works of art music“. **International Journal of Business and Management Studies**, 01 (03). pp. 459-465. ISSN 2158-1479
(http://eprints.ugd.edu.mk/4734/)

(9) Leshkova- Zelenkovska, St and Islam, A. (2012) „The Islamic Mystical Spiritual Music Tradition in the Era of New Musical Tendencies“. **Asian Social Science**, 8 (6). pp. 170-175.

ISSN 1911-2017 (http://eprints.ugd.edu.mk/2077/ EBSCO, Ulrich's. Universe Digital Library, ProQuest)

(10) Leshkova, Zelenkovska St. and Islam, A. (2012) „Influence of social determinants in preference of public audience at music performances in the Republic of Macedonia". **Sociology study**, 2 (1). pp. 33-42. ISSN 2159-5526 (http://eprints. ugd. edu.mk/2081/, David Publishing co, EBSCO, Ulrich's.)

Овој текст ги претставува резултатите од истражувањето кое ги опфати јавните музички настапи одржани во текот на 2010 година во Скопје, Р. Македонија. Податоците се однесуваат на бројот на посетители, категоризирани по жанрови на музичка преференција, возраст, статусен симбол, потекло на изведувачите, како и просторот на одржување и организаторите. Теренското истражување опфати 653 музички настани со вкупно 545.340 илјади посетители групирани во осум категории согласно со изборот на жанрови. Најголем процент (35%) се однесува на публиката на поп-рок концерти со најширока старосна структура од 10 до 50 години. Статусните симболи меѓу посетителите се особено очигледно кога станува збор за домашни и светски познати музичари. Сепак, повеќето посетители (46%) посетуваат јавни музички настани каде што изведувачите се од мешани средини. Во однос на просторот, повеќето настани се одржани во етаблираните концертни сали за класична музика. Структурата и бројноста на публиката зависи од маркетингшките вештини и влијае на сегментација на публиката на јавното музички изведби.

(11) Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska, S, (2012) „Spiritual islamic Music Tradition in The Balkans at The Time of The Ottoman State".. **Journal of Academic Studies**, 14 (52). pp. 1-18. ISSN 1302-2431 (http://eprints.ugd.edu.mk/2867/, EBSCO, Ulrich's)

Во овој труд е направена реконструкција на исламската духовна традиција на територијата на Македонија во времето на османлиското владеење. Со оглед на тоа дека религијата била составен дел од државната политичка власт, формите на духовната богослужба имале официјален статус. Духовната музика имала церемонијален карактер и се одвивала во две гранки, музиката во џамиите и во текињата. Генерално, според заклучокот, исламската духовна музичка традиција во богослужбите дала голем придонес за развитокот на целокупната музичка култура во оваа средина.

(12). Islam, A. and Leshkova-Zelenkovska, S. (2012) „The Role of Music Education in Preserving Traditions in a Multiethnic Society". **International Journal of Multidisciplinary Thought** pp. 159-163. ISSN 2156-6992
(http://eprints.ugd.edu.mk/2085/ )

Главната тема на трудот е улогата на музичкото образование во одржувањето на традицијата кај турската популација и покрај сигнификантното намалување на бројот на заедницата. Според резултатите од истражувањето спроведено во текот на 2010 година во Скопје, единствените фактори кои се најзаслужни за континуитетот на традицијата се формалните и неформалните форми на образование. Музичката активност кај овие институции се реализира преку инструментални, вокални и танцувачки состави. Нивните заеднички карактеристики се од суштинско значење во употребата на традиционалните инструменти, изведба на традиционалниот репертоар специфичен за локалната заедница и примената на автохтониот тонски систем.

***Список на трудови во реномирани списанија во земјава и во странство (во изборниот период)***

(13) Лешкова-Зеленковска Ст. (2015) „Димитар Масевски - 50 години композиторска и продуцентска работа". **Музика бр.21**, pp. 63-79. ISSN 1409-6579 (http://eprints.ugd.edu.mk/14338/)

(14) Лешкова-Зеленковска Ст. (2014) „Влијанието на културната политика и творештвото на македонските композитори во Република Македонија". **Музика бр.20**. pp. 38-58. ISSN 1409-6579 (http://eprints.ugd.edu.mk/11687/)

Во овој труд се анализира културната политика во однос на грижата за музичкото творештво на македонските композитори. Од осамостојувањето на Р. Македонија до ден-денешен влијанието на културната политика и продукцијата на современото музичко творештво е една тема која постојано го разгорува прашањето за степенот на нивната зависност и меѓусебна поврзаност. Генерално ставовите околу овие прашања ја поларизираат музичката и културната јавност, првенствено поради дилемата дали постои јасна стратегија, и колку притоа се води грижа за местото и улогата на македонското современо музичко творештво. Истовремено овие размисли допираат длабоко и во комплексната природа на појавата на нови дела, кон која најчесто се приоѓа од следниве перспективи: психолошка, социолошка, естетичка и музиколошка (во потесна смисла). Економските фактори кои во појавата на нови дела беа разгледувани како дел од социолошкиот пристап на проблемот се покажаа како клучни за продукцијата на овој вид творештво, конкретно за квантитетот на новосоздадени уметнички музички дела изборот на музичката форма, вид, инструментариум итн. гледано низ призмата на неговата економска оправданост и одржливост.

(15) Ислам, А. Лешкова-Зеленковска С. (2013) „Музичкото образование, идниот наставен кадар, современите образовни тенденции“. **Музика, бр.15** (18). pp. 57-64. ISSN 1409-6579 (http://eprints.ugd.edu.mk/7155/)

(16) Лешкова-Зеленковска С (2012) „Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век“. **Годишен зборник** на ФМУ, 3 (1). pp. 1-7. ISSN 1857- 8659 (http://eprints.ugd.edu.mk/8638/)

(17) Лешкова-Зеленковска С. Ислам А. (2012) „Традиционалната музичка практика во Република Македонија во услови на доминација на глобалната музичка култура, денес“. **Етнологист**, UDK 39 (14). pp 154-159. ISSN 1409-6404 (http://eprints.ugd.edu.mk/2087/)

Поттикнати од карактеристиките на современото живеење кое се одликува со доминација на глобалната култура во сите свои форми на техничко-технолошките достигнувања, во овој текст се истражуваат состојбите во музичката традиција во Р. Македонија и влијанијата на новините врз нив. Во фокусот на нашиот интерес се и градителите на музички инструменти од сите етнички заедници кои активно работат на ова поле. Се одлучивме за овој сегмент од музичката традиција поради фактот дека тие се единствените носители на инструменталните потреби на еден народ. Оттука, целта на овој текст е да ги претставиме перспективите на музичката традиција во услови на експанзија на новите музички тенденции и технолошки достигнувања преку градителите на традиционалните музички инструменти.

(18) Ислам, А. Лешкова-Зеленковска, С. (2011) „Музичките ансамбли - форми за културна комуникација меѓу младите“. **Просветно дело**, **64** (5). pp. 53-71. ISSN 0350-6711 (http://eprints.ugd.edu.mk/2247/)

Трудот претставува опсервација на вонучилишните музички состави како младинските оркестри во кои сопствениот избор за партиципирање ги поттикнува младите на спонтано дружење и споделување на различните културни вредности, со што оркестрите стануваат креативни и стимулативни средини за учење, развој и мултикултурен соживот. „Повисоките цели“ односно квалитетот на музичката изведба кај овие ансамбли го претопуваат „индивидуалното“ во „заедничкото“, истовремено создаваат култивирана публика со профилирани критериуми за етничко-естетските вредности.

(19).Лешкова-Зеленковска С. Ислам А. (2011) „Нови трендови во музичката култура кај младата популација во Скопје, Р. Македонија“. **Годишен зборник на ФМУ**, 2 (2). pp.13-21. ISSN 1857-7296 (http://eprints.ugd.edu.mk/2101/)

(20).Лешкова-Зеленковска, С. Ислам, А. (2011) „Македонската Хорска традиција преку дејноста на диригентите Ивица Зориќ и Сашо Татарчевски“. **Музика, 14** (17). pp. 141-150. ISSN 78.071.2 (497.7) (http://eprints.ugd.edu.mk/2870/)

Со продлабочување на хорското дело инспирирано од ризницата на фолклорниот мелос, овие музички дејци придонесуваат за просперитетот на македонската музичка култура. Професионалните музички институции што се формираат набргу по Втората светска војна повлекуваат и формирање на првите професионални хорови, меѓу кои се истакнува хорот на Радио Скопје (1946), како двигател на развојот на хорската репродуктивна уметност и поттикнувањето на хорското творештво. Подемот на хорската уметност продолжува преку работењето на професионални хорски диригенти школувани во околните музички центри. Најзаслужно место има Драган Шуплевски кој покрај активната диригентска дејност, со формирањето на ФМУ (1966), ја поставува и ја води хорската диригентска школа. Од бројните негови студенти денес како активни диригенти се истакнуваат Ивица Зориќ и Сашо Татарчевски. Целта на овој труд е да се прикаже нивната дејност, професионалниот пристап и ентузијазам со хорската практика и педагогија.

Меѓу објавените трудови се и оние објавени во реномираниот лексикон и водечките светски онлајн ресурси за музички истражувања: ***Grove Music Online. Oxford University Press*,** под менторство на проф. д-р Д.Бужаровски:

(21) Zelenkovska Leshkova, S. (2015) *Gjakonovski Špato, Dragan*. (http://eprints.ugd.edu.mk/13123/)

(22) Zelenkovska Leshkova, S. (2015) *Leb i Sol*.
(http://eprints.ugd.edu.mk/13127/)

(23) Zelenkovska Leshkova, S**.** (2015) *Proeski, Toše*.
(http://eprints.ugd.edu.mk/131 24/)

***Трудови објавени на научни собири, конгреси и симпозиуми***

(24) Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska, S. (2015) „The Importance of the Practical Work of the Future teachers for the Subject Music" In*:* Book of Proceedings of the **Fist International conference - Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments – Experiences and Challenges**", 27-29 Nov 2014, Faculty of Philosophy of the University of Ss Cyril and Methodius in Skopje, R Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/14407/)

(25) Leshkova-Zelenkovska, S. Islam, A. (2014) „Correlations between the acquired knowledge and practical applications in the class teaching on the subject of music education". In: **International Conference for Academic Disciplines**, 6-10 April 2014, Vienna, Austria. (http://eprints.ugd.edu.mk/12009/)

(26)Leshkova, Zelenkovska St. Velkovska-Trajanovska, V. (2013) „Tvorestvoto na makedonskite kompozitori vo uslovi na tranzicija 1991-2012". In: **Muzika regiona u uslovima tranzicije(1990-2010**), 25 January. 2013, Podgorica, Crna Gora. (http:// eprints . ugd.edu.mk/5321/)

Во овој труд се осврнуваме на состојбите во творештвото на македонските композитори во периодот од 1991 до 2012 г. Во овие две децении транзициските околности низ кои помина Р. Македонија по осамостојувањето, различно се рефлектираа и врз различните музички жанрови, профитни и непрофитни. Всушност, најголеми промени се случија во полето на уметничкото музичко творештво кои наведуваат на фактот дека општествено-економските, социолошките и културолошките фактори се пресудни во создавањето на новите музички дела. Истражувањето покажа дека во периодот од 1991 до 2001 год. активни се 22 композитори со 203 нови дела. Најголем број создадени дела се во траење од 5 до 10 мин. (83 дела), а по инструменталниот состав најмногу се камерни (58 дела). Од нив 53 дела се нарачки на Сојузот на композиторите на Р. Македонија и 87 дела се изведени на фестивалот „Денови на македонска музика". Во следната деценија состојбите се менуваат првенствено поради тоа што композиторите се адаптираат на новите општествени услови што може да се забележи и преку творештвото: активни се 32 композитори, од кои една третина живеат и работат надвор од земјата. Нарачките на Сојузот остануваат главниот двигател за создавањето на новите дела преку нарачките и фестивалот „Денови на македонска музика".

(27) Islam, A. Leshkova-Zelenkovska, S. (2013) „The continuity of the musical tradition in the modern education“. In: **International Conference Inovations, Challenges and Tendencies in the Post Moder Education,** 12-13.09. 2013, Stara Zagora, Bulgaria. (http://eprints.ugd.edu.mk/7528/)

(28) Лешкова-Зеленковска С. Ислам А. (2013) „Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти“. In: **Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото – Меѓународен симпозиум**, Охрид, 22-24 септ. 2011 г. ISBN 978-608-238-012-4 (http://eprints.ugd. edu. mk/5768/)

(29) Islam, A. Leshkova-Zelenkovska, S. (2013) „Модификации во исламската мистична духовна музика во Република Македонија во услови на глобалните музички текови“. In: **Трета Светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог**, 10-13 мај 2013, Скопје. (http://eprints.ugd. edu. mk/ 9547/)

(30) Лешкова-Зеленковска Ст., Велковска-Трајановска В.(2012) „Балетското творештво на Љубомир Бранѓолица“.In: **Струшка музичка есен**, 15-16 септември 2012, Струга. (http://eprints.ugd.edu.mk/4497/)

Во овој труд е претставено творештвото на Љубомир Бранѓолица како еден од композиторите во македонската музичка култура кои се одликуваат со исклучителна творечка и уметничка плодност. Неговата шестдецениска улога е сестрана – тој делува како пијанист, композитор, критичар, публицист, автор на либрета, продуцент и корепетитор. Голем придонес Бранѓолица дава во полето на продуктивната музичка дејност, преку творештвото кое вклучува опус од над 450 композиции – солистички, камерни, симфониски, балети, мјузикли, филмска музика итн. – соединети во различни музички жанрови и стилови. Во овој труд се фокусираме на шеснаесетте балети кои заземаат посебно место во неговиот творечки опус. Преку хронолошкиот преглед на изворите на композиторската инспирација, карактерот и стилот на балетите, изведбите и нивната застапеност на домашната и светската сцена ќе се потврди местото и значењето на балетските дела на Бранѓолица во формирањето на македонскиот балетски музички репертоар.

(31) Leshkova-Zelenkovska, S Islam, A. (2012) „Modification in the musical tradition as a reflection of the modern musical trends“. In: **Third Symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance**, 17-23 April 2012, Berovo, R.Macedonia.
(http://eprints.ugd.edu.mk/4584/)

Во овој текст се осврнуваме на музичката традиција на турското население во с. Коџали, Радовишко. Станува збор за припадници на номадска заедница – Јуруци, населени на овие простори пред повеќе од шест столетија. Се фокусиравме на оваа рурална средина, бидејќи се одликува со повисок степен на етнолошка, јазична и културолошка автохтоност, како симбол на оваа популација. Овие карактеристики кои во голема мера придонеле за подолга презервација на културното наследство се рефлектираат и врз музичката традиција. Во текот на последнава деценија доминацијата на глобалните музички текови и светските музички трендови драстично ја изменуваат сликата на наследената музичка култура на Јуруците. Тоа го потврди и теренското истражување спроведено во летото 2011 година, преку собирање и снимање на музички материјали, како и проследување на одделни световни настани, во кои музиката игра значајна улога. Базата на податоци ја формиравме од музичкиот репертоар изведен за потребите на теренското истражување

(32) Leshkova-Zelenkovska, S Islam, A. (2012) „Impact of economic determinants on the production of new works of art music“. In: **Interantional Journal of Arts and Science for Academic discplines**, 1 -4 April 2012, Vienna, Austria.
(http://eprints.ugd.edu.mk/2876/)

(33) Islam, A. Leshkova-Zelenkovska, S (2012) „Choral art in Republic of Macedonia“. In: **The 2nd International Sypmosium on Choral Art, Singing and Voice**, 12-14 April 2012, Zagreb. Croatia (http://eprints.ugd.edu.mk/2873/)

(34) Islam, A. and Leshkova- Zelenkovska, S. (2011) „The Need of Integration New E-Methods in the Learning of the Subject Musical Education“ *in the Republic of Macedonia“*. Book of Proceedings **The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education**. ISSN 978-9989-823-33-6, 29 Sept. -1 Oct. 2011 Ohrid, R.Macedonia (http://eprints.ugd.edu.mk/4005/)

Во овој труд се претставени потребите од воведувањето на современи е-методи во изучувањето на предметот Музичко образование во основното образование во Р. Македонија. Ваквите потреби налагаат промени на компетенциите на едукаторите кои веќе мораат да бидат обучени за примена на новите технолошки алатки. Тоа подразбира интердисциплинарно поврзување на повеќе научни области со редефинирање на дидактичко-методските пристапи. Ваквата состојба ја наметнува потребата идниот наставнички кадар во текот на својата едукација задолжително да ги изучува информациско-комуникациските технологии со употреба на различни софтвери и хардвери применливи во наставните содржини по предметот Музичко образование.

***Одржани предавања, работилници***

*(во странство)*

(35) Islam A. Leshkova-Zelenkovska, S. (2014). *The Influence of Modern Tendencies on the Musical Heritage in Rural Areas in Republic of Macedonia*. In: **Seminar in SOAS University of London, London**, UK. (http://eprints.ugd.edu.mk/11111/ http://www.soas.ac.uk/music/events/music-public-seminars/).

Одржано предавање на престижниот универзитет во Лондон, на кој се претставени музички материјали собрани со теренско истражување на музичката традиција во руралните делови во Р. Македонија. Со компаративна анализа од неколку години наназад и сегашната задржана традиција на музичка план се согледува и влијанието на новите музички тенденции и потребата од презервација. Предавањето е на покана на проф. д-р Ник Греј и беше проследено со голем интерес од страна на студенти, докторанди и професори на овој светски реномиран оддел за изучување на музиката.

(36) Islam, A. Leshkova-Zelenkovska, S. (2012) *Conditions of the Musical tradition in R.Macedonia*. In: Workshop and presentation about conditions of the musical tradition in R.Macedonia, 22 November 2012, **Istanbul, Turkish State Conservatory Music**. (http://eprints.ugd.edu.mk/3631/)

*(во земјава)*

(37)Лешкова-Зеленковска С.Велковска-Трајановска В., Јованов И.(2015) *Работилница на тема: Музичките инструменти во оркестарската музика - основни функции во реализирањето на музичката идеја и творечката концепција низ историјата на музиката*. [Video] ()

(38)Јаневски, В. Лешкова-Зеленковска С. Јованов И, Велковска-Трајановска В., Шкариќ М., Гавриловски Г. (2013) Факултет за музичка уметност. [Video] (http://eprints.ugd.edu.mk/9398/)

***Универзитетски учебник***

(39) Во 2015 година го објавува учебникот „Познавање на музичките инструменти и нивните функции во оркестарот и основи на музичките форми“ (ISBN 978-608-244-147-4), како основен учебник по соодветната дисциплина која ја слушаат студентите во втора година на Одделите за теорија на музиката и музичка педагогија и Вокално-инструментален (https: //elib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ ss9s/737 46566616 e696 a612 e 7a656c656e6b6f7673 6bte. Pd)f

***Објавени монографии (научна и стручна)***

(40) Ислам А., Лешкова-Зеленковска С. (2013) *Музичката традиција во Коџаџик – колепката на семејството на Ататурк*. ISBN 978-998945-71-3289 Documentation. Islam & Leshkova-Zelenkovska (http://eprints.ugd.edu.mk/8068/)

(41) Лешкова-Зеленковска С., Велковска-Трајановска В. (2014) *Каталог на делата на македонските композитори (1991 – 2011)*. Documentation. Скопје: Сојуз на композитори на Македонија СОКОМ. ISBN 978-9989-801-14-3 (http://eprints.ugd.edu.mk/11074/)

***Уредник на Годишен зборник на ФМУ, член на уредувачки одбор - Музика***

(42) Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е главен уредник на Годишниот зборник на трудови на Музичката академија при УГД () во 2011 и 2012 год.

(43) Кандидатката е член на уредувачкиот одбор на списанието „Музика", единствено научно и стручно-уметничко во земјава, кое го издава Сојузот на композиторите на Р. Македонија (СОКОМ), поддржано од Министерството за култура на РМ) (http://eprints.ugd.edu.mk/14338/ 1/muzika%2021. pdf/http://eprints.ugd.edu.mk/

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е член на универзитетски, владини тела, како и факултетски комисии. Член е на (44) Универзитетски сенат на Универзитетот „Гоце Делчев, (45) Комисија за издавачка и нормативна дејност, (46) Пописна комисија, (47) Комисија за уписи.

(47-50) Кандидатката е член на Комисијата за Музичко-сценска дејност при Министерството за култура (2011, 2013, 2014), член на Одборот за доделување на 11 октомвриската награда при Министерството за култура (2012). Во периодот од 2010 до 2013 г. кандидатката е член на Управниот одбор на Македонската опера и балет.

Како долгогодишен член на Сојузот на композиторите на РМ (СОКОМ), кандидатката членува во повеќе комисии: Комисија за доделување на годишната награда „Георги Божиков" за најдобра и најуспешна изведба на дело од македонски композитор на фестивалот „Денови на македонската музика" за 2014 и 2015 г. (http://www.cem.mk/index.php/novosti/586-godishnite-nagradi-na-so kom); Комисија за доделување на наградата „Виртуози" за 2013, 2014 и 2015 год.

Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е член на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и во повеќе комисии за: проверка на знаења (прв циклус), проверка на знаења (втор циклус), дошколување, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование; Комисија за рангирање на пријавени кандидати и изготвување на прелиминарна ранг-листа за запишување на студенти прв / втор циклус.

Кандидатката е член на Комисија за утврдување подобност на предложени теми, односно програми за изработка на докторска дисертација, како и оспособеност на кандидатите за научна и уметничка работа на Факултетот за музичка уметност во Скопје, УКИМ (Одлука бр.03-526/3 од 5.7.2012 г).

Заедно со студентите, кандидатката е уредник на циклусот емисии *Музички инспирации,* кои две години се емитуваат на Универзитетското радио „УГД-ФМ" (http://eprints.ugd.edu.mk/13132/, http://eprints.ugd.edu.mk/13133/).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 год.), како и по деталното разгледување на комплетната доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска го има остварено минимумот поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО=40), научноистражувачката дејност (НИ=45) и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР=15) или вкупен минимум од 100 поени. Кандидатката го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето редовен професор (НО+НИ+САОР= 40+81+98) и од целокупната актива остварил 219 поени.

При анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациска дејност на кандидатката може да се констатира дека проф. д-р Стефанија Лешкова- Зеленковска остварува континуиран развој и постигнала значајни резултати во сите наведени дејности.

Врз основа на горепосоченото, Рецензентската комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Музиката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за **кандидатката проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска да ја избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област музикологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Димитрије Бужаровски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Аида Ислам, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Милица Шкариќ, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **40** |

| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Монографија или научна книга (р. бр.40) | 1 | 10 | | | 10 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија (р. бр.2-12) | | | 11 | 3 | 33 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавено во зборник од трудови на научен собир (во странство р.бр.1,25-27/ во земјава р. бр.24,28,34) | 3 | 1 | 4 | 2 | 11 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција (факултет) (во странство р.бр.35,36/ во земјава р.бр.37,38) | 2 | 2 | 2 | 3 | 10 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (во странство р. бр.32,33/ во земјава р. бр.29,30,31) | 3 | 1 | 2 | 2 | 7 |
| 10 | Учесник во научен проект (макс. три проекти) | 1 | 2 | | | 2 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно и стручно списание (списание Музика 2012, 2013, 2014, 2015, р.бр.43) | 4 | 1 | | | 4 |
| 16 | Уредник на зборник на трудови (Годишен зборник 2011, 2012, р.бр. 42) | 2 | 2 | | | 4 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **81** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Книга (р.бр.39) | 1 | 10 | | | 10 |
| 4 | Монографија (р.41) | 1 | 4 | | | 4 |
| 5 | Труд во стручно списание (во странство р.бр.21-23/ во земјава р.бр.13-20) | 8 | 2 | 3 | 3 | 25 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (р.бр.30) | 1 | 2 | | | 2 |
| 27 | Член на универзитетски и владини тела (р.бр.44-50) | 8 | 5 | | | 40 |
| 28 | Член на факултетски органи, комисии | 6 | 2 | | | 12 |
| 29 | Член на комисии на Сојузот на композиторите на РМ (СОКОМ) | 5 | 1 | | | 5 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **98** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **219** |